

***Компанијата ЗЕГИН е прва и најголема веледрогерија во Македонија која во 2019 година го одбележа јубилејот – 30. година од нејзиното дејствување. Веледрогеријата ЗЕГИН како основна дејност има внатрешна и надворешна трговија со лекови, медицински помагала, диететски, макробиотски и козметички производи.***

Според пишаните документи, Компанијата ЗЕГИН работи во согласност со правните регулативи во земјата, имплементирајќи ги највисоките светски стандарди и најуспешните практики. Компанијата е регистрирана и за увоз на лекови. Во рамките на ЗЕГИН Големопродажба, функционира посебен сектор за истражување и анализа на пазарот, како и за следење на светските достигнувања во областите кои се сфери на интерес и дејствување. ЗЕГИН Големопродажба, соработува со клинички центри и општи болници и ја снабдува широката мрежа со повеќе од 400 аптеки, што ја прави најголема веледрогерија во земјата со удел од 60 % на пазарот со лекови.

Мисијата на брендот , пред сé, е да се биде вистински пријател на здравјето на луѓето и семејствата, преку обезбедување на квалитетен а најефтин лек поткрепен со стручен совет, што поблиску до дома.

Мисијата се реализира преку понуда на богат спектар на лекови и производи по најприфатливи цени во земјата, во широко дисперзирана мрежа на аптеки каде од стручни лица може да се добие совет и помош.

Во 1993 година е основан ЗЕГИН ФАРМ – СКОПЈЕ, за продажба на мало, на лекови, пара лекови и медицински помагала, производи за исхрана, додатоци во исхраната, макробиотика, козметички производи.

Значењето на слоганот е изнедрено од приказната на бисерот. Бисерот е перфектна креација на природата, а се создава од болката на школката. Во себе може да крие спомени на векови, но во моментот на дарување, на неговата блескава површина, се огледа насмевката и желбата, на оној кој дарува. Седефестата белина на современиот бисер е симбол за чистота, во секоја смисла на зборот. Бисерната ниска, колку има повеќе бисери, толку е повредна.



[illegible]



Бордот на директори на Зегин на средба со претседателот Ѓорге Иванов за време на доделувањето на наградите „Македонски квалитет 2015“



**Пишува СЛАВЕ КАТИН**